Република Северна Македонија
ОПШТИНА ГРАДСКО
Бр. 08-26/3
16.01. 2026 год.
ГРАДСКО

# ПЛАН И ПРОГРАМА ЗА УПРАВУВАЊЕ СО ОТПАД НА ОПШТИНА ГРАДСКО

За период 2026-2028

Јануари 2026

**НА ОПШТИНА ГРАДСКО**
**на предлог на градоначалникот на општината.**

За правен субрект:ЈКП ”Клепа”-Градско

**ПРЕДМЕТ:** План за упревување со отпад на територија на Општина Градско за три години.

**ИЗРАБОТУВА: Општина Градско**

**Изработил: Стојанче Коцев**



Слика:Парк-пример за чиста животна средина

## ЗАКОНСКИ БАРАЊА И РЕГУЛАТИВИ:

Изработката на Планот и програмата за управување со отпад на територијата на Општина Градско се темели на моментално важечките законски регулативи:

1. Закон за управување со отпад(„Сл.весник на Република Македонија“ бр. 68/04, 71/04, 107/07,102/08, 143/08, 82/09, 124/10, 9/11, 51/11, 123/12, 147/13, 163/13, 156/15, 63/16 и 216/21);
2. Правилник за општите правила за постапување со комуналниот и со другите видови на неопасен отпад, Сл. Весник на Р. Македонија, бр.147/07);
3. Правилник за поблиските услови за постапување со опасниот отпад и начинот на пакување и означување на опасниот отпад, Сл. Весник на Р. Македонија, бр. 15/08);
4. Правилник за постапките и начинот на собирање, транспортирање, преработка,складирање, третман и отстранување на отпадните масла, начинот на водење евиденција и доставување на податоците, Сл. Весник на Р. Македонија, бр.156/07);
5. Правилник за начинот и условите на функционирање на интегрираната мрежа за отстранување на отпадот, Сл. Весник на Р. Македонија, бр. 07/06);
6. Правилник за формата и содржината на дневникот за евиденција на постапувањето со отпадот, формата и содржината на обрасците за идентификација и транспорт на отпадот, формата и содржината на образецот на годишниот извештај за постапување со отпадот од градоначалникот, Сл. Весник на у1056 Р. Македонија, бр.07/06);
7. Правилник за формата и содржината на барањето за издавања дозвола за оператор на депонија, како и за формата и содржината на дозволата, Сл. Весник на Р. Македонија, бр.16/07);
8. Правилник за формата и содржината на барањето за добивање дозвола за преработка, третман и/или складирање на отпад, за формата и содржината на дозволата за преработка на отпад, како и за минималните технички услови за вршење на дејност на преработка, третман и/или складирање на отпад, Сл. Весник на Р. Македонија, бр.23/07);
9. Правилник за начинот и условите за складирање на отпад, како и за условите што треба да ги исполнуваат локациите на коишто се врши складирање на отпад, Сл. Весник на Р. Македонија, бр.29/07);
10. Правилник за минималните технички услови и условите во поглед на заштитата на животната средина кои треба да ги исполнуваат претоварните станици, условите што треба да ги исполнуваат локациите на кои се градат односно се поставуваат претоварните станици, како и роковите за чување на отпадот во претоварната станица според видовите на отпад, Сл. Весник на Р. Македонија, бр. 39/07);

11. Правилник за начинот и постапката за работа, следење и контрола на депонијата за време на работењето, следење и контрола на депонијата во фазата на затворање и натамошна грижа за депонијата по затворањето, како и начинот и условите за грижа за депониите откако тие ќе престанат да работат, Сл. Весник на Р.Македонија, бр.156/07);
12. Правилник за критериумите за прифаќање на отпад на депонија за секоја класа на депонија, постапката за подготвување за прифаќање на оптпад, основните постапки за тестирање, постапката за земање проби и прифаќање на отпад, Сл. Весник на Р.Македонија, бр.08/08);
13. Правилник за начинот на постапување со азбестниот отпад и отпадот од производите што содржат азбест, Сл. Весник на Р. Македонија, бр.89/06);
14. Правилник за начинот и условите за постапување со ПХБ, начинот и условите у1096 што треба да ги исполнуваат инсталациите и објектите за отстранување и за деконтаминација на ПХБ, искористените ПХБ и начинот на означување на опремата којашто содржи ПХБ, Сл. Весник на Р. Македонија, бр. 48/07);
15. Правилник за начинот на постапување со медицинскиот отпад, како и начинот на пакување и обележување на медицинскиот отпад, Сл. Весник на Р. Македонија,бр.146/07);
16. . Правилник за поблиските услови за начинот на отстранување на отпадот со лекови,Сл. Весник на Р. Македонија, бр.153/08);
17. Закон за одржување на јавната чистота, собирање и транспортирање на комуналниот цврст и технолошкиот отпад, Сл. Весник на Р. Македонија, бр.37/98);
18. Предлог на стратегија за управување со отпад на Република Македонија (2008-2020 година), Влада на Република Македонија;
19. Национален План за управување со отпад (2009-2015 година) на Република Македонија, финален нацрт долумент, Министерство за животна средина и просторно планирање;
20. Директива 2006/12/ЕЗ на Европскиот Парламент и на Советот од 5 април 2006 година за отпад;
21. Директива 1999/31/ЕЗ на Советот од 26 април 1999 година за депониите за отпад;
22. Директива на Европскиот Парламент и на Советот од 20 декември 1994 година за пакување и за отпад од пакување;

**С О Д Р Ж И Н А:**


**1. ВОВЕД ....................................................................................7**

**2. ОСНОВНИ ПОДАТОЦИ ЗА ОПШТИНА ГРАДСКО ...............................10**

2.1. Општи податоци ...........................................................................11

2.2.Население во Општина Градско .......................................................11

2.3.Развиени индустрии во Општина Градско ..........................................12

**3. ПОЈДОВНИ ОДРЕДБИ ЗА ИЗРАБОТКА НА ПЛАН ЗА УПРАВУВАЊЕ СО ОТПАД НА ОПШТИНА ГРАДСКО .............................................................12**

**4. ОПИС И ОЦЕНКА НА ПОСТОЕЧКАТА СОСТОЈБА ВО ВРСКА СО УПРАВУВАЊЕ СО ОТПАД .........................................................................13**

4.1. Општи податоци за ЈКП “Клепа”-Градско .........................................13

**4.1.1. ПРАВИЛНО ТРЕТИРАЊЕ И УПРАВУВАЊЕ СО ОТПАД И ПРИХОДИ .......14**

4.2. Собирање и транспортирање на комунален отпад ................................14

4.3. Организациона и интегрирана шема за собирање на комунален отпад на територија на Општина Градско ...............................................................17

4.4. Собирање на комуналниот и другиот неопасен отпад ..........................18

**5. НАЧИН НА УПРАВУВАЊЕ СО ПОСЕБНА КАТЕГОРИЈА НА ОТПАД ..............19**

5.1. Селективно собирање на комунален отпад за рециклирање ...................20

5.1.1. Собирање на електричен и електронски отпар ..................................20

5.1.2. Отпадни возила ..........................................................................21

5.1.3. Отпадни гуми .............................................................................22

5.1.4. Интерен отпад(градежен отпад-шут) ...............................................22

5.1.5. Селективно собирање на хартија .....................................................22

5.1.6. Селективно собирање на пластика ...................................................23

**6. ТРАНСПОРТИРАЊЕ НА КОМУНАЛНИОТ ОТПАД И ДРУГИОТ НЕОПАСЕН ОТПАД ........ 23**

6.1. План за собирање отпад(зачестеност,вид и количина на отпад и тип на возила) ........ 24

6.2. Опрема за собирање на отпад ........ 24

6.3. Собирање на габаритни материјали ........ 26

6.4. Собирање на комуналниот отпад во Општина Градско ........ 26

**7. ДЕПОНИРАЊЕ НА КОМУНАЛНИОТ И ДРУГИТЕ ВИДОВИ НА НЕОПАСЕН ОТПАД ........ 27**

**8. ИДЕНТИФИКАЦИЈА НА ПРОБЛЕМИТЕ СО КОИ СЕ СООЧУВА ОПШТИНА ГРАДСКО ПРИ УПРАВУВАЊЕ СО ОТПАД ........ 29**

**9. РЕАЛИЗИРАНИ ПРОЕКТИ И ДОПОЛНИТЕЛНИ АКТИВНОСТИ ЗА СОСТОЈБАТА СО ТРЕТМАНОТ НА КОМУНАЛНИОТ ЦВРСТ ОТПАД ВО ОПШТИНА ГРАДСКО ........ 29**

**10. РЕАЛИЗАЦИЈА НА СИСТЕМОТ ЗА МОНИТОРИНГ ПРИ УПРАВУВАЊЕ СО ОТПАД ........ 31**

**11. ЦЕЛИ ЗА УПРАВУВАЊЕ СО ОТПАД НА ТЕРИТОРИЈА НА ОПШТИНА ГРАДСКО ........ 32**

**12.МЕРКИ ЗА УПРАВУВАЊЕ СО ОТПАД ........ 34**

**13. ПРЕГЛЕД НА ПЛАН СО АКЦИИ ЗА УПРАВУВАЊЕ СО ОТПАД........ 43**

13.1. Мерки за едукација и за подигање на јавната свест за управување со отпад........ 43

**14.ПРОЦЕНА НА ТРОШОЦИТЕ ЗА ОПЕРАЦИИТЕ НА ПРЕРАБОТКА И ОТСТРАНУВАЊЕ НА ОТПАДОТ,ФИНАНСИСТИ ИНСТРУМЕНТИ ЗА СПРОВЕДУВАЊЕ НА ПЛАНОТ ЗА УПРАВУВАЊЕ СО ОТПАД ........ 45**

**15.ЗАКЛУЧОК ........ 46**

# 1.ВОВЕД

Една од главните одредби при заштита на животната средина во Република Македонија претставува начинот на управување со отпад, чијашто политика темелно е опишана во:

- Законот за управување со отпад, Сл. Весник на Р. Македонија, бр.216/21;
- Стратегија за управување со отпад на Република Македонија (2008-2020 година).
- Стратегијата за управување со отпад ја одразува националната политика во доменот на управување со отпад и претставува основа за подготвување и за спроведување на интегриран систем за управување со отпад, кој ќе биде ефективен во однос на трошоците.
- Целите поставени во стратегијата за управување со отпад на Република Македонија, се во согласност со политиката за управување со отпад на Европската Унија, па според тоа Република Македонија ќе мора да се стреми кон намалување на количината на создаден отпад и правилно управување на веќе создадениот.

Поимот управување со отпад опфаќа збир на активности, одлуки и мерки кои се однесуваат на:

- спречување на настанување на отпад, намалување на количината на отпад и/или неговото штетно влијание на животната средина;
- начинот на собирање, селектирање, транспортирање, третман, преработка, складирање и отстранување на отпадот, вклучувајќи го и надзорот над овие операции;
- грижа на објектите и на инсталациите за отстранување на отпадот по престанокот на нивната работа;

Управувањето со отпадот мора да се спроведува на начин на кој што нема да бидат ставени во прашање човековото здравје и животната средина, а применетите постапки нема да доведат до:

- ризик од загадување на водата, воздухот и почвата;
- предизвикување пожар и експлозија;
- појава на бучава;
- појава на непријатен мирис;
- загрозување на постоечката флора и фауна;
- штетно влијание на културно-историските, естетските и природните вредности.

Врз основа на Законот за управување со отпад, Сл. Весник на Р. Македонија, бр.216/21, сите општини во Р. Македонија се должни да донесат и да спроведат стратешки, плански и програмски документи за управување со отпад, односно да изработат општински План и Програма за управување со отпад во согласност со Националниот План за управување со отпад (во понатамошниот текст НПУО) и Националната Програма за управување со отпад.

Планот за управување со отпад содржи:

- Опис и оценка на постоечката состојба во врска со управувањето со отпад;
- Предвидување на идните состојби во врска со управувањето со отпад;
- Стимулативни мерки за реализација на активностите за избегнување и за намалување на количеството на создадениот отпад, како и повторно користење, рециклирање и користење на отпадот како извор на енергија;
- Начини за отстранување на отпадот што не може да се избегне и да се преработи;
- Определување на видот и на количевството отпад според кои се определува обврската на правните и на физичките лица да изработуваат програми за управување со отпад;
- Реализација на системот за мониторинг при управувањето со отпад;
- Конкретни мерки и активности за намалување на биоразградливите состојки во отпадот наменет за отстранување и временскиот распоред и обемот на нивното реализирање;
- Локации и инсталации за отстранување на отпадот;
- Податоци за интегрираната национална мрежа за отстранување на отпадот и инсталациите за преработка на отпадот;
- Технички и други услови коишто треба се исполнат при управувањето со отпадот;
- Мерки за санација на дивите депонии и на загадените области;
- Активности коишто се превземаат од страна на единиците на локалната самоуправа, во врска со управувањето со отпад;
- Мерки за едукација и за подигање на јавната свест за управување со отпад;
- Процена на трошоците за операциите на преработка и отстранување на отпадот;
- Финансиски инструменти за спроведување на планот за управување со отпадот.

Одговорноста при спроведувањето на Планот и програмата за управување со отпад му припаѓа на Градоначалникот на Општината. Проблематика за управување со отпад на подрачјето на Општина Градско се совпаѓа со состојбата

која моментално е присутна и во останатите Општини на Република Македонија, а за кои е заедничко тоа што не функционираат во потполност на потребниот Законски и еколошки задоволувачки начин.

Едно од значајните начела за општините претставува начелото на универзалност на услугите-подеднакви услуги за сите граѓани, без разлика на оддалеченоста на местото на живеење.



Слика:Депонија Градско

# 2.ОСНОВНИ ПОДАТОЦИ ЗА ОПШТИНА ГРАДСКО

## 2.1.Општи податоци

Општина Градско е општина која е лоцирана на рамничарскиот дел на средиштето на Македонија,наречено средно Повардарие.

Територијата на Општина Градско зафаќа површина од 290км и според големината се вбројува во групата на средно големи општини.

Распространета на двете страни на реката Вардар се до планината Клепа(1150)Граничи со општините Штип,Лозово и Велес на север,на исток со општина Неготино,на југ со општина Росоман и со општина Чашка на запад.

Планината Клепа(1150) е средовековна планина која се издина југозападно од Градско.

Градско се наоѓа на надморска височина од 147 метри, населението во оваа општина главно го сочинуваат Македонци но застапени се и Бошњаци,Албанци, Роми,Турци и Срби кој егзистираат од земјоделство.

Административно гледано Градско е седиште на Општина Градско во чии рамки влегуваат 16 населени места од кој 10 се активни.

## 2.2. Население во Општина Градско

Со новата територијална поделба во 2004 година според законот на Република Македонија во ракмите на Општина Градско припаѓаат Виничани, Водоврати, Горно Чичево, Градско, Грнчиште, Двориште, Долно Чичево, Згрополци, Кочилари, Куридаре, Ногаевци, Подлес, Свеќани, Скрчинци, Убого и Уланци.

| Реден број | Месна заедница | Број на жители | Одалеченост од општината(km) |
|---|---|---|---|
| 1 | Виничани | 473 | 5,6 |
| 2 | Водоврати | 361 | 6,5 |
| 3 | Горно Чичево | 10 | 8,6 |
| 4 | Градско | 2219 | 0 |
| 5 | Грнчиште | 5 | 16 |
| 6 | Двориште | / | 15 |
| 7 | Долно Чичево | 39 | 7,3 |
| 8 | Згрополци | / | 12 |
| 9 | Кочилари | 113 | 14 |
| 10 | Куридаре | / | 15 |
| 11 | Ногаевци | 155 | 8,3 |

| | | | |
|---|---|---|---|
| 12 | Подлес | 8 | 14 |
| 13 | Скачинци | / | 19 |
| 14 | Убого | / | 9,7 |
| 15 | Уланци | 51 | 1,7 |
| 16 | Свеќани | / | 14 |
| Вкупно | | 3233 | |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| • | Населба Градско | = | 2008 | жители |
| • | Преостанати населени места | = | 1225 | жители |

Табела:Преглед на број на жители во Градско и месните селски заедници

## 2.3. Развиени индустрии во Општина Градско

Во развојот на економијата во Општина Градско значаен фактор претставуваат природните услови кој приспособуваат забрзан проспиритет.Ваквите можности се темелат на природниот фактор,и тоа на земјоделството и сточарството.

Општина Градско зафаќа површина од над 7000 хектари,од која најдогем дел се ораници, градинарски култури, лозја, овошни насади и ливади.Со изградбата на хидросистемот на Тиквешко поле, создадени се многу подобри услови за развојот на земјоделството со што имаат и поголеми приноси.

Друг значаен капацитет за опшествено значење од месната индустрија „Агриа“ – Долно Чичево,која се занимава со производство на сите видови на свежо месо, со пласман низ сите градови во државата но и извоз во Европа.Во селото Долно Чичево им се наоѓа свињарската фарма со најмодерна опрема.

Винарска визба „Стоби“ - Градско. Една од најголемите и најсовремените новоизградени винарии во Македонија, со производство на висококвалитетни вина со пласман во Македонија и на пазарите во странство

Земјоделски Комбинат „Вардар“ - Градско. Големо модерно-механизирано и организирано земјоделско производство на житни култури, градинарски култури, лозови насади, идустриски култури. Извозно ориентирано производство, но има и пласман на големо на домашните пазари..

Млекарница „Милком“ - Ногаевци. Производство на млеко, јогурт, сирење и сите видови на млечни производи, со пласман најчесто во општината и во Велес и поширокиот регион, а се почесто по нарачка на други фирми и во Скопје.

Фабрика за сточна храна „Грин-Агро“ - Градско. Крај самата железничка станица во Градско се наоѓа фабриката за сточна храна која со сточна храна го снабдува поширокиот регион.

Во развојот на економијата секако голем удел имаат и маркетите,ресторантите и кафичите. Имајќи го во предвид ова, во Општина Градско се генерира големо количество на отпад кој ке биде елабориран во тригодишниот план.

## 3. ПОЈДОВНИ ОДРЕДБИ ЗА ИЗРАБОТКА НА ПЛАН ЗА УПРАВУВАЊЕ СО ОТПАД НА ОПШТИНА ГРАДСКО

Обврската за изработка на План за управување со отпад на Општина Градско произлегува од Законот за управување со отпад, Сл. весник на Р.Мекедонија, бр.216/21, каде согласно член 21, општините се должни дадонесуваат и да спроведуваат стратешки, плански и програмски документи зауправување со отпад, со цел да сеобезбеди:

- заштита на животната средина, животот и здравјето на луѓето;
- остварување на целите и насоките утврдени во Националниот еколошки акционен план;
- спроведување на општите принципи и насоки за управување со отпадот;
- основање на интегрирана национална мрежа на инсталации и инсталации за преработка и отстранување на отпадот;
- остварување на обврските во врска со отпадот, кои РепубликаМакедонија ги превзела на меѓународно ниво.

Планот за управување со отпад се донесува за период не помал од три години, а не подолг од шест години, од страна на Советот на Општината, а за негово спроведување одговорноста му припаѓа на Градоначалникот на Општината, кој го доставува на одобрување до органот на државната управа надлежен за работите од областа на животната средина. Советот на општината, донесува едногодишна програма за спроведување на Планот за управување со отпад, чии што финансиски план мора да е влезен при изработка на годишниот буџет на општината.

Најголем проблем на Општина Градско, како и на останатите Општини во Република Македонија и понатаму претставуваат финасиките средства за изградба на Центри за селекција на отпад , со што, сеуште се пристапува кон мануелен начин на примарна селекција. Потоа, одлагањето на отпадот без претходна сепарација во домакинствата, која е обврска е на општината. Имаќи ги

предвид обврските кои произлегуваат од Законот за управување со отпад во кој јасно е кажано дека општините должни се да спроведат примарна и секундарна селекција, со кои операции би се издвоиле сите употребливи отпадни материјали и би се предале на понатамошен третман. ЈКП,, Клепа,, има доставено по една корпа до домаќинствата.До декември 2022 година распределени се 900 корпи.

ЈКП ,,Клепа,,-Градско врши секојдневно мерење на целокупниот отпад, но и на отпадот кој се селектира во рамките и можностите на фирмата, за посебно продаден отпад по вид и количина, отпад во количини за кој не се наоѓа пласман и отпад кој е за уништување. За секој вид на отпад, се води посебна евиденција во количини, по месеци, во бројки и проценти но досега на ниво на општината не е извршена целосна по вид или кој го создал отпадот.

## 4. ОПИС И ОЦЕНКА НА ПОСТОЕЧКАТА СОСТОЈБА ВО ВРСКА СО УПРАВУВАЊЕ СО ОТПАД

Комуналниот цврст отпад е еден од основните текови на отпад што се создаваат, составен од отпад од домаќинствата, од чистењето и миењето на улиците и од отпадоци од паркови и зеленила, комерцијално-институционален отпад и отпадоци што се создаваат во индустријата, со карактер сличен на отпадот од домаќинствата.

Вкупниот комунален отпад се состои од два тека што се создаваат: отпад од домаќинствата и комерцијален отпад. Согласно со Националниот План за управување со отпад на Р. Македонија, стапката на создавање е меѓу 253-313 кг/човек/година, специфична тежина на отпадот од домаќинствата е меѓу 112-127 кг/м3 и околу 96 кг/м3 комерцијален отпад( податок од национално ниво ).

### 4.1.Општи податоци за ЈКП “Клепа”- Градско

Јавното комунално претпријатие „Клепа“ од Градско е основано од општина Градско на 13.06.2008 година. Неговата основна цел и мисија е да ја снабдува со питка вода цела општина Градско. Да обезбеди собирање и одведување на фекалиите на територијата на цела општина. Да собира, депонира и транспортира смет во општинската депонија. Да се грижи за јавната чистота во општината. Да ги уредува парковите и зеленилото, да се грижи за чисти улици во зимските периоди од годината, односно редовно да го чисти снегот од локалните патишта. ЈКП „Клепа“ Градско покрива 80% од услугите за целта територија на општина Градско.

## 4.1. 1. ПРАВИЛНО ТРЕТИРАЊЕ И УПРАВУВАЊЕ СО ОТПАД И ПРИХОДИ

Управувањето со отпад во Општина Градско, се одвива преку ЈКП "Клепа" чија што основна дејност на овој Сектор е собирање, транспортирање и депонирање на комунален отпад од индивидуални корисници и правни субјекти на територијата на општината:

Отпадот од домакинствата се собира од 804 домакинстваи 10 населени места. Отпад од стопанството се собира од 41 правни субјекти.Во образовните и згрижувачките институции отпад се собира исто така од ЈКП "Клепа". Во следната табела прикажани се сите корисници на услуги.

**Физички лица**

| Опис | Цена |
|---|---|
| Вода | 27,19 |
| Фонд за води | 2,00 |
| Водомер | 30,00 |
| Канализација | 5,98 |
| Ѓубрарина | 2,00 |
| Јавна Чистота | 50,00 |
| Одржавање гробишта | 20,00 |

**ПРАВНИ ЛИЦА**

| Опис | Цена |
|---|---|
| Вода | 38,07 |
| Фонд за води | 2,00 |
| Водомер | 30,00 |
| Канализација | 5,98 |
| Ѓубрарина | 4,00 |
| Јавна чистота | 100,00 |

Јавното комунално претпријатие Клепа брои 16 лица, 4(седум) на неопределено време, 3(три) на определено и 9(девет) на договор на дело.Вработеноста може да биде променлива во зависност од потребите на препријатието и условите кои налагаат зголемување на работата.

Реоните за подигање на отпад се физички поделени на 3 реони,од кој отпадот се подига со камион или трактор, во зависност каде се собира отпадот.За електронскиот отпад има посебни возила што го собираат.

Приходите од ѓубретарина се од фактурирана реализација и е зависна од општата економска сотојба на населението. Но, последните години, наплатата се подобрува.Исто така корисниците можат својот долг да го исплатат и на рати со склучен договор со ЈКП "Клепа".

## 4.2. Собирање и транспортирање на комунален отпад

Работната единица, врши услуга на собирање, транспортирање и депонирање на комуналниот отпад на територија на општина Градско.

Собирањето и транспортирањето на комуналниот отпад се врши со специјални возила наменети за таа цел. За собирање и транспортирање на комуналниот отпад, Градско, е поделен на 3 реони, каде собирањето и транспортирањето на комуналниот отпад се врши со специјални возила автосмечери.

| **Реден број** | **Опис на возило** | **Ги користи ЈКП “Клепа”** | **Потребни возила на ЈКП “Клепа”** |
|---|---|---|---|
| **1** | Трактор | 1 | 0 |
| **2** | Транспортно возила за смет | 1 | 0 |
| **3** | Градежна машина, утоварна со корпа | 1 | 0 |
| **4** | Автомобил | 0 | 1 |
| **5** | Скип | 1 | 0 |

Табеларен приказ на поседувани возила и возила кои се потребни

За собирање на комуналниот отпад во градот распоредени се контејнери. Собирањето и транспортирање на комуналниот отпад од домаќинствата се врши организирано во текот на целата година во претпладневната смена. Критичните места, односно централното градско подрачје и станбените блокови се подига со секојдневна релација.ЈКП “Клепа” рабити и на повик на фирмите доколку имаат потреба за дополнително подигање на отпад.

| Реден број | Комунална инфраструктура | Ги поседува Клепа | Потребно да се набават |
|---|---|---|---|
| 1 | Контејнери за мешан комунален отпад од 1/1м$^3$ | 40 | 0 |
| 2 | Контејнери за органски отпад | 20 | 0 |
| 3 | Корпи за јавна површина/ дрвени со пепелник | 32 | 0 |
| 4 | Контејнери за електронски отпад | 3 | 0 |
| 5 | Контејнери за стаклена амбалажа | 1 | 0 |
| 6 | Корпи за отпадоци | 19 | 0 |
| 7 | Контејнери за хартија | 4 | 0 |

Табела:Комунална инфраструктура до 2022 год

| Понеделник | Вторник | Среда | Четврток | Петок |
|---|---|---|---|---|
| 8тони | 4тони | 4тони | 8тони | 8тони |

Табеларен приказ на просечно дневно собирање на отпад

## ПРЕГЛЕД

## ВКУПНО ТОНАЖА НА ОТПАД МЕСЕЧНО

### Споредбени податоци за отпад по години

| Година | 2022година | | 2023година | | 2024година | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| **Месец** | **Тон/месец** | **Тон/ден** | **Тон/месец** | **Тон/ден** | **Тон/месец** | **Тон/ден** |
| **Јануари** | 128 | 6,4 | 128 | 6,4 | 128 | 6,4 |
| **Февруари** | 128 | 6,4 | 128 | 6,4 | 128 | 6,4 |
| **Март** | 128 | 6,4 | 128 | 6,4 | 128 | 6,4 |
| **Април** | 128 | 6,4 | 128 | 6,4 | 128 | 6,4 |
| **Мај** | 128 | 6,4 | 128 | 6,4 | 128 | 6,4 |
| **Јуни** | 128 | 6,4 | 128 | 6,4 | 128 | 6,4 |
| **Јули** | 128 | 6,4 | 128 | 6,4 | 128 | 6,4 |
| **Август** | 128 | 6,4 | 128 | 6,4 | 128 | 6,4 |
| **Септември** | 128 | 6,4 | 128 | 6,4 | 128 | 6,4 |
| **Октомври** | 128 | 6,4 | 128 | 6,4 | 128 | 6,4 |
| **Ноември** | 128 | 6,4 | 128 | 6,4 | 128 | 6,4 |
| **Декември** | 128 | 6,4 | 128 | 6,4 | 128 | 6,4 |
| **ВКУПНО** | **1536** | | **1536** | | **1536** | |

Количините на комунален отпад што се создаваат може да се добијат и од емпириски показатели како што е степенот на создавање на отпад на годишно ниво по човек. Овој показател за Македонија изнесува 283 кг/годишно/човек (според Националниот План за управување со отпад ).

Анализата на составот на комуналниот цврст отпад начесто се состои од различни компоненти, и секое испитување покажува различни резултати, што ќе рече, во Македонија неможеме да се потпреме на точен податок се додека не започне секундарна селекција на отпад, со која, точно би се одредиле процентите од компонети на сочинување на целокупниот отпад.

Табела : Процентуален состав на комуналниот цврст отпад

Вид (категорија) на отпад застапеност (%)

| Реден број | ВИД(Категорија на отпад) | Застапеност(%) |
|---|---|---|
| 1 | Биоразградлив (органски) отпад | **26,0** |
| 2 | Хартија, картони | **11,9** |
| 3 | Пластика | **9,6** |
| 4 | Дрво | **2,7** |
| 5 | Стакло | **3,5** |
| 6 | Текстил | **2,6** |
| 7 | Метали | **2,3** |
| 8 | Друг отпад (инертен, комплексен ...) | **8** |
| 9 | Опасен отпад од домакинствата | **0,2** |
| 10 | Фини мешани честички (< мм) | **30,9** |
| 11 | Мешовито пакување | **2,2** |
| | **ВКУПНО** | **100** |

## 4.3. Организациона и интегрирана шема за собирање на комунален отпад на територија на општина Градско

Со цел да се овозможи најбезбедно и најекономично собирање и транспортирање на комуналниот и другиот неопасен отпад на територијата на општина Градско, од местото на неговото создавање до местото на неговото отстранување, воспоставена е организациона интегрирана шема за собирање, транспортирање и депонирање на комуналниот отпад и другите видови на неопасен отпад. Интегрираната мрежа претставува систем на објекти и инсталации, како и систем на постапки за управување со отпадот, меѓусебно поврзани на начин со кој се овозможува намалување на количините на создаден отпад, повторно искористување на употребливите состојки на отпадот како и исполнување на обврските за селектирање, собирање, транспортирање и депонирање на отпадот.

## 4.4. Собирање на комуналниот и другиот неопасен отпад

### Систем на изнесување

Општина Градско е мала општина со 804 домакинства и 41 правни лица од каде се подига отпад..Во Градско се распоредени 40 контејнери од 1,1 м³ за биоразградлив и селектиран отпад и 900 корпи во домаќиствата.Системот на собирање на комуналниот отпад во општина Градско се спроведува по:

- систем на донесување

По системот на донесување се собира отпадот од физички лица односно од домаќинствата и комерцијален отпад од правни лица.

Комуналниот отпад се собира од соодветни садови за собирање на комунален отпад со големина од 1,1 $м^3$ и канти од 120л. Празнењето на контејнерите и кантите се врши во работни денови од 6 до 12 часот.

Критичните места во градот, односно садовите за собирање на комунален отпад од централното градско подрачје се собираат со секојдневна релација комбинирана, и точно одредена релација. За време на викендите,односно во недела не се собира комуналниот отпад.

| **Преглед на вработени во ЈКП "Клепа"** | | |
|---|---|---|
| **Реден број** | **Опис на работни задачи** | **Број на извршители** |
| **1** | Инкасант | 1 |
| **2** | Подигач на отпад кај физички лица | 3 |
| **3** | Водоинсталатор | 1 |
| **4** | Сметководство | 1 |
| **5** | Администрација | 1 |
| **6** | Вршители на комунални услуги | 9 |
| | **Вкупно** | **16** |

Садовите за собирање на комуналниот отпад се правилно поставени така што не се нарушува патниот сообраќај повеќе од потребното и дозволеното.

Постоечкиот број на садови за собирање на комунален отпад од 1.1$м^3$ ги задоволува потребите на граѓанике на општина Градско.Но иститe тие со тек на време треба да се обноват.



Слика:Контејнери за хартија и стакло

## 5. НАЧИН НА УПРАВУВАЊЕ СО ПОСЕБНА КАТЕГОРИЈА НА ОТПАД

Како појдовна основа во процесот на планирање на управување со отпад на општините се јавува потреба за формирање сигурни бази на податоци за видовите и изворите од отпад, постоечки количини отпад, постоечки начин на управување, односно начин на собирање, третман и конечно одлагање. По местото и изворот за појава во наши услови се разликуваат следниве видови на отпад:

- **Комунален отпад** го содржи отпадот од домаќинствата кој настанува во индивидуалните куќи, станбените згради, службените простории, продавниците итн., и отпад од јавни површини (дел од органски стабилни материи "зелен отпад", растителни отпадоци, кутии од цигари и сл., а дел од органски нестабилни материи како отпад од храна, животински остатоци). Овој отпад во најголем дел претставува отпад од преработка и консумирање храна, или остатоци од животинско и растително потекло. Најважна карактеристика на овој отпад е лесно и брзо да се разложува, особено летно време, при висока температура на воздухот. Создавање и ширење на непријатните мириси е следбен процес на распаѓање на отпадот. Останатиот куќен отпад содржи согорувачки компоненти (картон, хартија пластика, текстил, гума, кожа, мебел) и несогорливи компоненти (стакло, конзерви, бела техника и сл.).

- **Индустриски отпад** настанува во производни процеси и се состои одразновидни стабилни и нестабилни елементи од органско и неорганскопотекло. Поединечен индустриски отпад, кој се создава во процесот на производство, може повторно да се користи во ист или некој друг технолошки процес како секундарна суровина, доколку задоволуваат одредени технички норми неопходни за нивна примена. Штетниот и опасен отпад не може да се одлага заедно со комуналниот отпад, тој бара специјален третман кој најчесто се одвива во индустриските рамки.

- **Останат отпад** кој настанува како резултат на различни човечки дејности се на пример: возила и нивни делови, санитарни уреди, автомобилски гуми, отпад од анимално потекло, лешеви од животни и сл.

Од листата видови на отпад за Општина Градско карактеристични се следниве видови:

- Отпад од пакување
- Отпад од пластика
- Отпад од масло
- Електричен и електронски отпад
- Отпадни гуми
- Отпадни возила

## 5.1. Селективно собирање на комунален отпад и отпад за рециклирање

### 5.1.1.Собирање на електричен и електронски отпад

Општина Градско во согласност со Законот за собирање на електронски отпад има потпишано договор со овластен постапувач Екон Електрон. Поставени се три контејнери за електричен и електронски отпад во кој граѓаните може да се ослободат од старите расипани електрични апарати.Првиот контејнер е поставен на шеталиштето веднаш до школскиот двор на основното училиште,вториот контејнер е поставен на плоштадот Александар Македонски,поточно до маркетот "Жито Маркети", додека третиот контејнер кој е наменет за големите апарати (телевизори,перални,фрижидери) е поставен на улица 4 Јули во близина на комуналното претпријатие Клепа.Собирањето на овој вид на отпад ке се врши со специјални возила со сопственост на фирмата со која е склучен договорот.



Слика:Контејнер за електричен и електронски отпад

## 5.1.2. Отпадни возила

Денес се тежнее кон тоа, фирмата којашто е застапник за одредена марка на автомобил да ги откупува старите возила и да ги користи за своите потреби, но најчесто ваквиот вид на отпад завршува на дивите депонии, или пак, се предаваат на фирми коишто вршат откуп на стар метал.Во Општина Градско фирма која се занимава со откуп на стар метал е “Отпад Охрид”.

### 5.1.3. Отпадни гуми

Исто и за овој вид на отпад е карактеристично тоа што најчесто се одлагаат на диви депонии, во последниве години на терен работат и голем број на откупувачи на гуми. Најголем дел на отпадни гуми се создаваат кај специјализираните работилници за промена на гуми (вулканизери)и механичарски работилници.

### 5.1.4. Интерен отпад(градежен отпад-шут)

Моменталната состојба за депонирање на градежниот отпад (шут) се карактеризира со тоа што истиот се одлага на диви депонии на неколку локации во околината.

Дивите депонии од граджен шут самоиницијативно ги чисти ЈКП “Клепа”или со налог од Инспекторатот при Локалната самоуправа и со организирани акции од страна на градоначалникот на општината.



Слика:Дива депонија

### 5.1.5. Селективно собирање на хартија

На територија на општина Градско сеуште не е отпочнат процес на селективно собирање на хартија.

### 5.1.6. Селективно собирање на пластика

На територија на општина Градско сеуште не е отпочнат процес на селективно собирање на пластика

## 6. ТРАНСПОРТИРАЊЕ НА КОМУНАЛНИОТ ОТПАД И ДРУГИОТ НЕОПАСЕН ОТПАД

Собирањето на комуналниот и другите видови на неопасен отпад се врши со специјани моторни возила(смеќарки) кои што обезбедуваат сигурен и безбеден транспорт на отпадот од местото на неговото собирање до местото на неговата крајна испорака, односно депонирање. Возилата овозможуваат натоварениот отпад да биде безбеден за транспорт.

Истите се соодветно обележани за да се види јасно нивната намена и вршителот на јавната услуга. Составен дел на опремата на возилата се и средствата за собирање на расфрлениот отпад надвор од садовите за собирање на отпадот.Специјалните моторни возила ги исполнуваат важечките барања и стандардите за димензиите, вкупните маси и основното оптеретување.

За собирање и транспортирање на комуналниот и другите видови на неопасен отпад на територија на општина Градско ангажирани се две возила, односно еден трактор и едно спрецијално возило (смеќар).



Слика:Возило за отпад на општина Градско

## 6.1. План за собирање отпад (зачестеност, вид и количина на отпад и тип на возила)

Во согласност со основните принципи на политиката за управување со комунален отпад, комуналниот неопасен отпад мора да се одвои од останатите видови отпад, како што се индустриски и медицински отпад, со што би се добила економска цена за потребниот материјал која ќе ја плаќаат домаќинствата.

Фрекфенција на собирање на куќниот отпад зависи од типот и видот на возилата за собирање отпад и бројот на контејнери кои одеднаш може да се поставаат на една локација. Дополнително на капацитетот на контејнери и фрекфенција на собирање влијае на природата на отпадот. Одложениот отпад ќе го наполни контејнерот и така ќе биде потребно негово често празнење.

Во рамките на воспоставување на системот за управување со отпад, како важна новост се воведува барање за оптимизација на користење на контејнери за собирање и превоз на средства во рамките на целиот регион. Рационализација се гледа во проценување на потребната фрекфенција на собирање отпад на основа на големина на садовите, волуменот на произведениот отпад, капацитет на возилата за собирање, број на жители кој е опфатен во услугата за собирање отпад и оддалеченост од депонијата.

## 6.2. Опрема за собирање на отпад

Како што е кажано погоре, општина Градско, за собирање на комуналниот отпад располага со – контејнери 1.1м$^3$ (мешан отпад),и - контејнери за селектирани отпадни материи (хартија,пластика,стакло) и – канти од 120л. Во моментов најголем проблем е собирањето и селектирањето на отпад од ромската популација.Наредниве години планирано е да се изврши барем една едукација на населението со цел да се објаснат многу бројните придобивки од селекцијата на отпад.Посебен проблем кај ромското население е што тие целокупниот отпад го фрлаат на диви депонии покрај реката Вардар или во некој ниви.

Во општина Градско започнато е куќно собирање на отпад во канти до 120l, освен во централното подрачје каде се поставени контејнери од 1.1м$^3$.Во селата исто така отпадот се собира од канти од 120л, бидејќи многу е мала веројатноста населението да излегува до специјалните места за отпад иако тие ке бидат на неколку минути од нивниот дом.

Стапката на создавање на отпад од домаќинства и комерцијален отпад е помеѓу 253-313 кг/човек/година, специфичната тежина на отпадот од домаќинствата е

помеѓу 112-127 кг/м3 и околу 96 кг/м3,тежина на отпадот во кантата е околу 30 кг, а тежината на отпадот во контејнерот околу 250кг. Просечната количина на отпад која би ја продуцирала 3 члено семејство е окулу 2кг дневно.

## ПЛАН ЗА ПРАВИЛНО РАСПРЕДЕЛУВАЊЕ НА КОНТЕЈНЕРИ

Правилно распоредување на контејнерите е еден од предусловите за добра организација за управување со отпад. Контејнерите може да се распоредат покрај улица, на тротоари и на локации кои се посебно опремени за таа цел. Најмногу контејнери се распоредени покрај улица или на тротоари.Со цел обезбедување заштита на здравјето и животната средина, се групираат контејнерите на посебни локации за што е потребно и посебна организација.

Во зависност од потребите на населението се местат на едно место и по два и повеке контејнери за мешан отпад. Планот и во наредните три години е да се воспостави принцип на правилен распоред на контејнерите согласно формулата за правилна распределба.

Контејнерите се местат на специјално изработени бетонски платоа или доколку тротоарите се широки нема потреба од такво изработување.

Бројот на потребни контејнери се одредува со формулата:

$$Н = О \times С \times Д/В \times К$$

Каде што:

Н - број на потребни контејнери;
О - количество отпад (м3/ден/жители);
С - број на жители одреден за собирниот пункт;
Д - број на денови помеѓу две одведувања на отпадот;
В - волумен на контејнери (м3);
К - коефициент на пополнетост на контејнерот (обично 0,8).

За одржување хигиена на платото и контејнерот, платото треба да се

обезбеди со:

- Приклучок на водовод со водомер и црево погодно за миење на платото и контејнерот;
- Приклучок на канализација;

- Одвод со кој ќе се спречи задушување на најблискиот уличен одвод;

Наведените хигиенски услови во моментот не се исполнуваат во целост.

Со цел спроведување на хигиенските барања потребно е да се обезбеди миење на контејнерите и на местата каде што се поставени. Миењето на местото треба да биде еднаш неделно,а на самите контејнери еднаш месечно. Ова треба да го извршува "Клепа".

## 6.3.Собирање на габаритни материјали

Посебен проблем за собирање претставува габаритниот материјал како што е: мебел, градежен материјал и сл. кои секогаш мора да се собираат и издвојуваат имајќи ја предвид нивната големина. Успешната пракса покажува дека за вакви материјали потребно е да се воведат правила кои ќе важат за сите граѓани, адекватна фрекфенција за собирање и координирано собирање од заинтересираните корисници како што е индустрија, поединци и сл. Во Градско контејнерите не ги задоволуваат потребите за собирање на ваков вид на отпад, па граѓаните сами го носат на локалната депонија или пак го фрлаат на диви депонии.

## 6.4. Собирање на комуналниот отпад од селата во Општина Градско

Во Општина Градско спаѓаат 10 населени села каде најголем проблем претставува управувањето со отпад порати слабата населеност.Некој од селата имаат од 10 до 20 жители во зимо но во лето бројот се зголемува затоа што има голем број на викеници и со тоа е многу потешко да се изврши наплата од целото население.Такви се Горно Чичево, Долно Чичево и Подлес додека во другите села е многу подобро бидејќи и самото население е свесно за обврската дека отпадот треба да се собира и да се плаќаат комуналните такси.

| Улица | Понеделник | Вторник | Среда | Четврток | Петок |
|---|---|---|---|---|---|
| Александар Македонски | ✓ | ✓ | ✓ | ✓ | ✓ |
| 8ми Септември | | | | ✓ | |
| 11ти Октомври | | | | ✓ | |
| Борис Трајковски | | | | ✓ | |
| Илинденска | | | | ✓ | |
| 8миНоември | | | | ✓ | |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| Питу Гули | | | | ✓ | |
| Никола Карев | | | | ✓ | |
| Гоце Делчев | | | | ✓ | |
| Илија Ѓошев | | | | ✓ | |
| АРМ | | | | ✓ | |
| Димче Мирчев | | | | ✓ | |
| Кочо Рацин | | | | | ✓ |
| Славе Ефтовски | | | | | ✓ |
| Душан Ќириќ | | | | | ✓ |
| Васил Главинов | | | | | ✓ |
| Цветан Димов | | | | | ✓ |
| с.Долно Градско | ✓ | | | | |
| с.Уланци | | ✓ | | | |
| с.Подлес | | | | | ✓ |
| с.Горно Чичево | | | | | ✓ |
| с.Долно Чичево | | | | | ✓ |
| с.Водоврати | | ✓ | | | |
| с.Виничани | | | ✓ | | |
| с.Ногаевци | | | ✓ | | |
| с.Кочилари | | | ✓ | | |

Табеларен приказ на собирање, транспортирање и депонирање на отпад

## 7. ДЕПОНИРАЊЕ НА КОМУНАЛНИОТ И ДРУГИТЕ ВИДОВИ НА НЕОПАСЕН ОТПАД

Санитарната депонија на комуналниот отпад претставува техичкотехнолошко решение за одлагање на цврстиот отпад. Постапките од техничкотехнолошки карактер подразбираат примена на низа мерки кои се обезбедуваат на контролно одлагање на цврст отпад, со истовремена потполна заштита на животната средина од загадување, кое може да предизвика издвоени отпадни гасови, непријатни мириси, загадена вода и тн. Санитарната депонија е специфичен објект, кој, ако непрописно се користи, во значителна мерка може негативно да делува на животната средина. Гледано во целина, секоја санитарна депонија како еден комунален систем се состои од збир на инженерски објекти.

Санитарното одлагање на отпадот, со груба поделба може да се прикаже низ три фази и тоа:

- Распространување на отпадни материјали во тенок слој;
- Збивање на тој материјал до најмал можен волумен;
- Секојдневно прекривање на депониран и збиен отпад на интерен материјал.

Концепцијата на санитарното депонирање е дополнета со санација на средината, рекултивација на одбрани простори и нивно доведување до саканата намена по завршувањето на експлоатација, како и елиминирање на несакани последователни појави (кои настануваат при депонирање) како што е настанување биогас и загадени отпадни води, нарушување на изгледот на околниот пејзаж и сл.

Депонирањето на комуналнот и другите видови на неопасен отпад на територијата на Општина Градско се врши на депонијата која се наоѓа на одалеченост од 3км. Депонијата ја одржува ЈКП "Клепа"-Градско. Поради применуваната санитарно несигурна постапка на одлагање на отпадот, депонијата создава значајни еколошки проблеми, кои главно се резултат на создавање на загаден филтрат. Посебен проблем претставува отпадот од мртви животни кој се депонира на депонијата. Ваквото мометално депонирање може да претставува сериозна опасност и за појава на заразни болести. Како преносители на заразни болести се јавуваат инсекти, глодари, птици и други животни кои имаат пристап со отпадот од депонијата. Депонирањето на комуналниот отпад се врши по површинска метода, а теренот овозможува услови за проширување на просторот за депонирање. На депонијата обезбедени се доволни количини на прекривен материјал. За нормално функционирање на депонијата во оператива е ангажирано 1 лице.




Слика:Сателитски приказ на депонијата

## 8. ИДЕНТИФИКАЦИЈА НА ПРОБЛЕМИ СО КОИ СЕ СООЧУВА ОПШТИНА ГРАДСКО ПРИ УПРАВУВАЊЕ СО ОТПАД

Од погоре наведената состојба за управување со отпад на територијата на Општина Градско, се идентификувани следните проблеми со кои се соочува општината:

- Недоволно развиена јавна свест на граѓаните за фрлањето на отпадот;
- Неконтролирано фрлање на отпад во сите населени места;
- Голем број на диви депонии;
- Стеснување и затварање на колските патишта од инертен отпад;
- Недостаток на податоци за количини и на видови на отпад на ниво на општината;
- Недостаток на мониторинг и известување на генераторите на отпад;

## 9. РЕАЛИЗИРАНИ ПРОЕКТИ И ДОПОЛНИТЕЛНИ АКТИВНОСТИ ЗА СОСТОЈБАТА СО ТРЕТМАНОТ НА КОМУНАЛНИОТ ЦВРСТ ОТПАД ВО ОПШТИНА ГРАДСКО

За решавање на проблемите со комуналниот отпад на целата територија во општина Градско во 2020 од локалната самоуправа се набавени 150 пластични канти и 15 поцинкувани контејнери.иститe тие се поставени во Кочилари, Уланци, Долно Чичево, Горно Чичево, Подлес, летниковците покрај Подлешкото езерото и населба Стопанство.



Слика:Поставување на поцикуваните контејнери

- Отпочнато чистење на дивите депонии со соработка на општина Градско и ЈКП "Клепа"-Градско
- Одржување на јавните прометни површини во општина Градско
- Распределба на пластични корпи на секое домакинство
- Поставување на потребна комунална инфраструктура
- Акција за чистење на неколку локации во Градско (мотел, бензиска пумпа и воен магацин), по повод сведски ден на животна средина организирано од локалната самоуправа
- Акција за чистење на насобраното ѓубре окулу Подлешкото езеро, организирано од младите лица во општината
- Замена на корпите за отпадоци во сите паркови и шеталиштето
- Поставени контејнери за селективно собирање на електронски и елекричен отпад преку овластен постапувач
- Започната реализација на проектот „Отпад до храна – органскиот отпад во зелената економија"



Слика:Акција за чистење окулу Подлешко езеро

За подобрување на состојбата со начинот на управување со комуналниот отпад во Општина Градско предвидено е:

- Дополнително распоредување на контејнери од 1.1м$^3$
- Замена на некој од контејнерите од 1.1м$^3$(поради амортизација)
- Дополнително распоредување на корпи на јавните површини
- Едукација на населението

## 10. РЕАЛИЗАЦИЈА НА СИСТЕМОТ ЗА МОНИТОРИНГ ПРИ УПРАВУВАЊЕ СО ОТПАД

Добивањето на податоци за следење на реализацијата на Планот и Програмата во принцип треба да бидат обезбедени со пополнување на формуларите за идентификација и транспорт на отпад како и со пополнување на годишните извештаи за управување со отпад. Сите овие документи се дел од подзаконскиот акт: Правилник за формата и содржината на дневникот за евиденција за постапување со отпад, формата и содржината на формуларите за транспорт и идентификација на отпадот и формата и содржината на обрасците за годишните извештаи за постапување со отпад и претставуваат обврска за претпријатијата кои управуваат со отпад како и за општинските власти.

Мониторингот на управувањето со отпадот се состои од:

- Следење на состојба со управување со отпадот;
- Собирање и доставување на податоци за видот, количевството и за потеклото на создадениот, преработениот и отстранетиот отпад;
- Земање и испитување на мостри;
- Податоци за увозот, извозот и транзитот на отпадот;
- Контрола, обработка и анализа на податоците;
- Известување и предупредување на надлежните органи за можна опасност;
- Обезбедување информации за влијанието на создадениот отпад врзживотната средина;
- Соработка и размена на податоци и информации со меѓународните информациони мрежи

Државната мрежа за мониторинг има за цел да обезбеди податоци за управувањето со отпадот, за влијанието на отпадот врз состојбата на животната средина, да ги открие негативните процеси и практики, да го предвиди развојот, да ја оцени ефикасноста на мерките за заштита и за информирање на надлежните органи за секоја промена на состојбата.

За вршење на мониторинг на отпадот, правните и физичките лица кои се сопственици, односно корисници на одредени инсталации што создаваат, преработуваат и отстрануваат отпад, а кои се должни да вршат мониторинг, треба да ги исполнуваат следните услови:

- Да имаат вработено најмалку три лица со висока стручна подготовка и барем тригодишно работно искуство во обласата на управувањето со отпадот;

- Да располагаат со потребната опрема, уредите, инструментите, и соодветните деловни простории за вршење на дејноста

Основната цел на Националниот План за управување со отпад е намалување на влијанието врз животната средина преку постапно воспоставување на мрежата на капацитети за управување со отпад, преку времени технички мерки и инверстиции во преодниот период и управување со отпад, преку времени мерки и инвестиции во планираната долгорочна инфраструктура за собирање, преработка за материјали/енергија и рециклирање и финално депонирање на опасен и неопасен отпад, како и управување со искористените производи, пренасочување на отпадот од нестандардните и дивите депонии, како и затворање/санирање на високо различните депонии.

Евидентно е дека Националниот План за управување со отпад во целост е програма за заштита на животната средина составена од итни мерки за намалување на влијанијата врз животната средина и врз здравјето на луѓето, системско управување со отпадот, посебно искористување на материјалите и енергијата од отпадот, како и искористување на корисните состојки, намалување на емисиите на стакленички гасиви и депонирање само на стабилизирани, нереактивни остатоци кои не можат да се користат и намалување на влијанието врз живиотната средина. Сите мерки поврзани со управувањето со отпадот, кои може да резултираат со позитивни или негативни влијанија врз различни медиуми на животната средина, имаат технички и просторно-плански карактер. Врз основа на Законот за управување со отпад, оние индустриски капацитети кои годишно создаваат повеќе од 150 тони неопасен отпад или повеќе од 200 кг. опасен отпад треба да изработат Планови за управување со отпад и да доставуваат годишни извештаи до градоначалникот на Општина Градско за неопасен отпад и годишни извештаи до МЖСПП за опасен отпад. Определувањето кои индустриски капацитети треба да ја имаат обврската е врз податоците од Националниот Катастар на загадувачи. Градоначалникот е должен да доставува годишен консолидиран извештај за состојбите во управувањето со неопасниот отпад во Општина Градско до МЖСПП најкасно до месец март за претходната година.

## 11. ЦЕЛИ ЗА УПРАВУВАЊЕ СО ОТПАД НА ТЕРИТОРИЈА НА ОПШТИНА ГРАДСКО

Значењето на поставените цели за управување со отпад е многу голем, бидејќи со нив се дефинира комплекс од долгорочни, меѓусебно поврзани насоки и активности, се со цел:

- да се контролира движењето на отпадот;
- да се намалат количините на создаден отпадот;
- да се искористи материјалната и енергетската вредност на отпадот;
- да се намалат количините на опасни супстанции во отпадот;
- да се обезбеди прифатливо депонирање од аспект на заштита на животната средина;
- да се спречи формирањето на нови оптеретувања на животната средина што ќе треба да ги решаваат идните генерации;
- да се санираат оптоварувањата на животната средина коишто вршат негативни влијанија врз животната средина и врз здравјето на луѓето.

Бидејќи Општина Градско е составен дел на Република Македонија, Планот за управување со отпад на територијата на Општина Градско, мора во потполност да биде усогласен со Националниот План за управување со отпад на Република Македонија. Од тие причини, при управување со отпад на Општина Градско, се наметнуваат следните цели:

- Воспоставувањето на новиот систем за управување со отпад мора да ги интегрира основните карактеристики на одржливо управување со природните ресурси, заедно со политиката на интегриран производ и со политиката за интегрирано спречување и контрола на загадувањето. Со оглед на тоа што отпадот може да претставува секундарна суровина, воспоставувањето на одржливо унапредување со отпад мора да воведе оптимално искористување на достапните потенцијални ресурси на отпадот како замена за необновливите природни ресурси и да придонесе за намалување на емисиите на стакленички гасови, земајќи ги предвид економските, еколошките и социјалните аспекти;
- Операциите на управување со отпад мора да ги спречуваат емисиите во животната средина, како и штетните и другите негативни ефекти за здравјето и добросостојбата на луѓето, за животните и вегетацијата и живеалиштата со помош на техничките мерки, со посебна цел да се заштитат земјоделските површини и водните ресурси. Принципот на решавање на проблемите со отпадот на нивниот извор значи дирекна или заедничка одговорност на создавачот на отпадот во текот на целиот животен век на истиот, за контрола и собирање на поединачните текови на отпад, за регистрирање на нивните количевства и карактеристики и за обезбедување на такви операции на третман и отстранување кои се во согласнот со прописите, прифатливи од аспект на животната средина и од економски аспект;
- Системот за управување со отпад мора да применува ефикасни и ефективни техники во однос на трошоците за собирање, транспорт,

сепарација, времено складирање и третман/преработка на отпад преку учество на правниот сектор со цел да се постигне стапка на собирање на отпадот од 100 % и оптимално ниво на искористување на материјалите и енергијата од употребливите состојки на отпадот според стандардите на ЕУ. Системот мора да овозможи сепаратно собирање на отпадот според опасните карактеристики на истиот, според нивното создавање на точкаст или дисперзиран извор и според намената за понатамошното управување кое ќе биде прифатливо од аспект на животната средина и од економски аспект. Посебно приоритетно внимание мора да се посвети на сепарацијата на опасните и неопасните текови на отпад на изворот и на одделното финално депонирање на овие текови. Еден од највисоки преоритети претставува и вклучувањето на комуналниот отпад,вкучувајќи го отпадот од помалите служби во системот на организационо собирање и депонирање за отпад од мешани остатоци;

- Системот за управување со отпад мора да воведе депонии за инертен, опасен и неопасен отпад и други капацитети за финално депонирање на отпадот, во целосна согласност со европските стандарди, треба да овозможи намалување на потенцијалот на опасност на отстранетите остатоци, кои не смеат да претставуваат ново оптоварување на животната средина, односно да се затворат и/или санираат постојните комунални нестандардни депонии и/или индустриски жаришта;
- Системот за управување со отпад мора да воспостави инвентар на нестандардни депонии и други оптоварувања на животната средина кој ќе содржи информации за проценетиот ризик и за измерените влијанија врз животната средина.
- Свеста на сите инволвирани субјекти за интеграцијата на прашањата поврзани со управувањето со отпадот во општеството и разбирањето на националната стратегија за воспоставување на современ систем за управување со отпад мора да биде придружена со постојани активности и цели, за да се подобри постојната практика на управување со отпад и да се промени однесувањето на сите членови на општеството.

## 12. МЕРКИ ЗА УПРАВУВАЊЕ СО ОТПАД

Генералната шема за управување со комунален отпад ги опфаќа следните технички активности и мерки:

- **Намалување на количевството на комуналниот отпад**:

Намалувањето на количевството на комуналниот отпад може да се постигне со:

- стимулирање на повеќекратна употреба на примарното пакување;

- компостирање на биоразградливата фракција на отпадот од домаќинствата кога е тоа прифатливо и користење на компостот во градините;
- компостирање на зелениот отпад од јавните и од приватните зелени површини, како што се паркови, градини, овоштарници, расадници;
- сепаратно собирање на опасните состојки на комуналниот отпад и предавање на системот за преработка на истите

- **Сепаративно собирање на тековите на комунален отпад**:
  – Количевствата на комуналниот отпад се зголемуваат паралелно со економскиот развој на земјата. Сепаративното собирање на поединечните фракции на комуналниот отпад на изворот може да резултира со поголемо намалување на количевството на мешан комунален отпад наменет за депонирање како неупотребливи остатоци:
  – Собирање на мешаниот комунален отпад од населбите користејќи возила со соодветна опрема

- **Одредени технички мерки за собирање на состојките на комуналниот отпад што можат да се рециклираат:**
  – Техничките мерки за собирање за различни видови производи со изминат рок на употреба може да се спроведуваат според принцип на одговорност на производителот. Сепаративно собирање на производи со изминат рок на употреба, како што се стари гуми, автомобили, отпадна електрична и електронска опрема, употребени минерални масла, батерии и акумулатори, може да се спроведува во мрежа на специјализирани плацеви за собирање и рециклирање, организирани како јавни услуги или во мрежа за сепаратно собирање организирана од производителите.

- **Преработка на комуналниот отпад и на посебното движење на отпадот како замена на природните ресурси**

## Систем за раздвојување и рециклирање на отпад

Основни причини за воведување на рециклажа се:

– Рециклажата е еден од основните цели на Националната стратегија за управување со отпад во Македонија;
– Со рециклирање се намалува количината на комуналниот отпад кој

треба да се одложи на депонија и се врши валоризација на секундарните сировини од комуналниот отпад;
– Со рециклирање се остварува економски пораст (директна продажба и посредно учество во останатите производни гранки);
– Рециклираните компоненти се неопходна секундарна суровина во производство на повеќе индустриски гранки (метална индустрија, индустрија на хартија, индустрија на стакло);
– Рециклираните компоненти се увезуваат. Со оваа програма се заменува увозот во голем дел;
– Со рециклирање се чуваат постоечки ресурси (помала количина на отпад се одлага на депониите - помал простор за одлагање, а природните ресурси помалку се користат за издвојување на суровините - особено за Al, Co, Ni);
– Со рециклирање се штеди енергија (помала е потрошувачката на енергија за производство на секундарните суровини отколку на суровините);
– При преработка на секундарни суровини се намалуваат трошоците за производство во однос на преработка на суровина;
– Со рециклирање се отвараат нови работни места;
– Со рециклирање се постигнува заштита на животната средина;
– ЕУ низ својата политика за управување со отпад дава голема важност на
– рециклажата.

Важни услови кои влијаат на одлуката за искористување или одстранување на отпадот се:

– Зголемена потреба за еколошко и безбедно отстранување на отпадот, но последица се поголеми трошоци за отстранување ;
– Примена на принципите за пресметка на реалните трошоци за отстранување на отпадот;
– Развој на нови производни технологии и постапка за искористување на отпадот;
– Разработка на метода за прогнозирање, заради проценка на развој на пазар на суровина (развој на потрошувачка, понуда, ризик за снабдување, развој на цена).

Причини за потребата од зголемено искористување на отпад се повеќенаменски:

– Тешкотија при обезбедување локација за нови депонии укажуваат на рециклажа како една од можностите за намалување на потреба за нови депонии.
– Строгите прописи за заштита на животната средина го отежнуваат отстранувањето на отпадот, па неопходно е со помош на рециклирање да се

намали обем на отпад кој оди на депонија;
– Сознавање за ограничени природни ресурси и потреби со рационално користење на она со што се располага;

Услови за спроведување на рециклажа се:

– Изработка на планови за спроведување на рециклажа;
– Собирање од локации за куќен отпад каде самите жители издвојуваат отпад на специјални места или жителите самоиницијативно донесуваат сортиран отпад;
– Собирање на помешан отпад
– Изградба на постројка за рециклажа;
– Постојани финансиски средства;
– Јасно дефиниран пазар на рециклирани материјали.

Рециклажата на отпадот кој може да се рециклира може да се врши на два начина:

1. На место на настанување-on site;
2. На конкретни места за издвојување и третман-off site.

Рециклажата на самото место на настанување подразбира жителите сами да го сортираат отпадот во посебни контејнери/канти, или кеси, или да се донесат нови платоа или на трансфер станицата, а заинтересираните физички и правни лица да го собират и однесат отпадот на третман.

Овој тип на рециклирање има низа предности;

– Се воспоставува во близина на генераторот за отпад;
– Помала е контаминацијата на околниот простор;
– Ваквите суровини веднаш може да се пласираат и да се преработуваат;
– Мора да се извршат капитални инвестиции во посебна опрема за третман;
– Обучените луѓе го извршуваат системот;
– Опремата бара одржување поправки;
– По преработка на отпадот кој може да се рециклира сепак е потребен простор за одлагање на остатоко, во случајов во Регионален центар;
– Мора да се врши контрола на квалитет на секундарните суровини;

Off site рециклажата се применува:

– Ако on site рециклажата не е финансиски исплатлива;
– Ако on site рециклажата не е задоволувачка;
– Потребен е простор за привремено складирање на материјалите кои чекаат за раздвојување.

Воведување на рециклажата во населбите и градовите почнува со одлука на локалните власти за рециклабилните делови на комуналниот отпад да не се одлагаат веќе на санитарните депонии, туку да се издвојуваат и употребуваат како секундарни суровини. Доколку самите жители се одлучат за сепарација на корисните фракции од отпад на местото на неговото настанување, потребни се нови возила за собирање и превоз на отпад, со посебни боксови за стара хартија, конзерви, стаклена амбалажа, пластика, и други компоненти кои може да се рециклираат од отпадот. Доколу се навикне населението да го рециклира/сортира отпадот на местото на неговото настанување, тоа претставува најисплатлива опција за општината, затоа што, отпадот од садовите за рециклирање доаѓа чист на плацовите за доселекција, и има поголема вредност од купувачите кои поседуваат Дозвола за складирање и треман на отпад.

Моментално Во Р. Македонија се врши откуп на отпадна пластика, ПЕТ амбалажа, разните видови метали, хартија, најлон, мали количини на текстил, додека пак стаклото сеуште не се откупува и дадено е на собирање на овластен постапувач со овој вид на отпад.

| Реден број | Вид на Суровина | Просечна цена (ден/кг) |
|---|---|---|
| 1 | Хартија | 5,00 |
| 2 | Пластика | 12,00 |
| 3 | Метал | 10,00 |
| 4 | Тексил | 1,5 |

Табела:Пазарни цени за одредени фракции од отпад

### Мрежа на регионални депонии за комунален отпад

Основањето на регионални капацитети за депонирање на комуналниот отпад, како законска обврска на едниците и за одреден неопасен отпад од други извори се состои од следниве решенија во врска со распоредот, изградбата и работењето на депониите:

– утврдување на технички стандарди за управување со отпадот за новите и за надградените постојни депонии, како и минималните стандарди за работа за надградба на дел од постојните депонии за времена работа;

– реконструкција и ревитализација на депонии со среден ризик за животната средина како резултат на релативно поволните хидрогеолошки услови, со цел да се обезбедат времени локации за отстранување на отпадот и да се обезбедат

соодветни услови за работа нај прифатливо влијание врз животната средина од таквите времени депонии;

– реконструкција и ревитализација на депонии со среден ризик за животната средина како резултат на релативно поволните хидрогеолошки услови, со цел да се обезбедат времени локации за отстранување на отпадот и да се обезбедат соодветни услови за работа на и прифатливо влијание врз животната срединаод таквите времени депонии;

– реконструкција и надградба на депонии со низок ризик се со мало влијание врз животната средина како резултат на релативно поволните хидро-геолошките услови, до ниво на прописни регионални депонии;




Шема: Основи принципи на шемата за управување со комунален отпад на Регионално ниво, применлив во инсталации од помал обем за една општина

- **Основни карактеристики на шемата за управување со медицински отпад**

Главните технички активности се состојат од:

– сепаративно собирање на опасната фракција на отпадот, фракција на отпадот слична на комуналниот отпад и чисти фракции за рециклирање;
– собирање и селектирање на сепарираните фракции на медицинскиот отпад од централните капацитети за складирање што им припаѓаат на општите болници, здравствените центри и на приватните клиники;
– поделба и транспортирање на собраниот опасен отпад;
– работа на капацитет за третман на опасен отпад, т.е. инсенератор или автоклав, вкучувајќи ги сите активности неопходни за одржување, мониторинг и за известување;

- **Основни карактеристики на шемата за управување со градежен отпад/шут**

Главните технички активности се состојат од:

– собирање на градежен отпад;
– сепарација на вредните фракции на изворот;
– сепаратно собирање на отпадот од азбест на самиот извор и пакување на отпадот во пластична фолија;
– сепарација во центрите за рециклирање, користејќи стационарна или мобилна опрема за преработка;
– изградба на моно-депонии за градежен отпад и остатоците што останувaат по рециклирањето или депонирањето на посебни локации на комуналните депонии;

- **Основни карактеристики на шемата за управување со биоразградлив материјал (Земјоделски отпад и отпад од производство на сточна храна)**

Изработката на студија за изводливост за опциите на управување со мрши и со високо-ризични животински нус- производи претставува приоритетна задача на Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство, по што ќе следат инвестициони активности во нови капацитети за собирање/складирање и во соодветни капацитети за термален третман и депонирање за мртви животни и за животински нус-производи од прва и некои од втора категорија.

Другите животински нус-производи, т.е. арско ѓубриво од свињарски, сточарски и живинарски фарми и животински нус-производи од кланиците може да

бидат извор на обновлива енергија, т.е. биогас. Остатоците може да се користат како стабилизирани ѓубрива или материи за подобрување на квалитетот на почвата. Количествата на високо оптоварени отпадни води се намалуваат значително поради речиси затворените циклуси на водотеците; но, неизбежни се ефикасни пречистителни станици за отпадни води.

Целокупната добивка од постројките на биогас може да се изрази преку проценетите вредности и тоа:

– Целокупниот енергетски потенцијал на биолошката трансформација на постојаните животински нус-производи во земјата во биогас може да се процени на приближно 70 мега вати.
– Производството и искористувањето на биогас може да придонесе за годишно намалување на емисијата на стакленички гасови во земјата од околу 200.000 - 250.000 т $CO_2$
– Биолошка трансформација на животинските нус-производи може да се произведува околу 50.000 т остатоци (изразени како сува материја) кои можат да се користат во земјоделството и во оранжериското производство.

Мотиватори за приватните инвестиции во постројки на биогас се субвенционирање на цената на електричната енергија произведена од обновливи извори, искористување на отпадната топлина и квалитетот, цената и нискиот трошок за транспорт на ѓубривата/слоевите за подобрување на квалитетот на почвата. Поттикнување на деловната клима за инвестирање и враќањето на трошоците од една страна и реалните проблеми во животната средина поврзани со арските ѓубрива и животинските нус-појави од друга, можат да го стимулираат приватниот сектор, да почне со организација, подготвување на проекти и инвестициони активности побрзо отколку што се очекува.

Генерално гледано, инвестиционите активности во алтернативно искористување на отпадните растителни ткива (како што е прачки од кроење на лозовите и овошните насади, итн) не се со највисок приоритет во врска со управувањето со отпадот;

Реализацијата на инвестициите ќе зависи од резултатите од соодветните студии за изводливост за опциите на управување со отпад и за економијата и во согласност со деловниот интерес на правниот сектор.

# 13. ПРЕГЛЕД НА ПЛАН СО АКЦИИ ЗА УПРАВУВАЊЕ СО ОТПАД

Акциониот План за спроведување на Планот за управување со отпад ги одразува активностите што мора да се реализираат во пократок и попредвидлив период со цел да се надминат последиците врз животната средина што се предизвикуваат со сегашната практика на управување со отпад и да се подготви основа за воспоставување на технички ефективен систем за управување со отпад, што ќе биде ефективен во однос на трошоците. За да се овозможи инсталирање на еколошки здрава основна техничка инфраструктура за управување со комунален и со опасен отпад, треба да се донесе соодветна законска структура, институционална и организациска и друга помошна структура, како и соодветна финансиска структура.

Генерално, концептот на планскиот период треба да биде насочен во два правци:

– Воспоставување на систем на управување со отпад
– Воведување на систем за примарна селекција на отпад.

Директивите на ЕУ се водич за воспоставување на најсоодветен начин на управување со отпад. Во нив се бара целокупното управување со отпад да биде безбедно за здравјето на човекот и за животната средина. Врз основа на погоре споменатите генерални правци за достигнување на минимално ниво на усогласеност со овие директиви потребни се следните активности дадени за период од три години:

– Регионално/ општинско прашање на системот за управување со отпад;
– Калкулирање на сите трошоци создадени при управувањето со отпад при формирањето на цената на услугата;
– Подигнување на степенот на наплата од домаќинствата, индустријата и институциите;
– Постепено воведување на нова пракса за депонирање на отпадот на постојната општинска депонија;
– Постепено воведување на селекција на комуналниот отпад на местото на создавање(домаќинства, индустрија и институции);
– Воведување на јавни кампањи за селектирање на отпад

Во однос на поставените цели за управување со отпад на Општина Градско:

– подигнување на еколошката свест на граѓаните и намалување на нивната толеранција кон цврстиот отпад;
– воведување на еколошко управување со цврстиот отпад;

– иницирање, намалување и згрижување на индустрискиот отпад;
– да се подобри соработката на сите нивоа помеѓу државните и локалните власти, бизнис секторот и граѓаните.

## 13.1. Мерки за едукација и за подигање на јавната свест за управување со отпад

### Учество на јавноста во процесот на управување со отпад

Воспоставување на пракса за вклучување на јавноста е битен фактор во процесот на донесување на одлуки значајни за животната средина преку соработка со јавните комунални претпријатија, локалната самоуправа и НВО секторот. Примената на процедурата за вклучување на јавноста е опфатена во Архуската конвенција ратификувана и во Р. Македонија под надлежност на МЖСПП, чија главна цел е учество на јавноста во одлучувањето и пристап до правдата за прашања поврзани со животната средина.

Во процесот на вклучување на јавноста во донесување на одлуки како што е дефинирање на цените за извршување на услугите во областа на животната средина координатор може да биде локално НВО кое се занимава со оваа дејност или други стручни лица кои се занимаваат со оваа проблематика. Најважна активност во целиот процес е организација за собирање на отпадот како одлука на граѓаните.

Од голема важност е превземање на конкретни активности и проекти , организирање на трибини, конференции за печат и следење на истото од страна на локалните медиуми. Највисока цел која треба да се постигне со јавните кампањи за зголемување на јавната свест кај населението, но и наоѓање на најдоброто можно и одржливо решение со што ќе се воспостави еден баланс помеѓу потребите на населението, потребите на јавното комунално претпријатие и приватниот сектор.

Известување од страна на комуналните претпријатија или приватниот сектор за превземање на конкретни чекори во управувањето со отпад и барање мислења од граѓаните во врска со тоа е битно за понатамошно успешно работење и одржливост на целиот систем на работа. Од голема важност е системот за собирање на отпад да биде прифатлив од страна на населението со што би се постигнале саканите ефекти, а би било од корист и за можниот инвеститор и за јавното комунално претпријатие.

Потребна е комуникација со медиумите за подобро запознавање на јавноста

за сите активности кои се превземени од оние кои управуваат со отпадот во општина Градско тоа е ЈКП “Клепа”- Градско.

Соработка со медиумите е важна поради:

- пренесување на пораките на медиумите;
- можност да се чуе гласот на локалното население;
- информирање и јакнење на свеста кај јавноста;
- јакнење на секторот кој се занимава со управување со отпад;
- можност за повикување на граѓаните на акција како и објаснување како тие можат да учествуваат;
- можности за влијание врз животната средина (институции, власти, политичари).

Во согласнот со горе наведеното треба да се направи стратешко планирање на комуникација на медиумите при реализирање на проектот:

- одредување на медиумски цели на проектот како резултат на општите проектни цели;
- одредување на целни групи кон кои ќе се врши презентирање на проектните цели;
- одредување на пораки кои треба да бидат пренесени за постигнување на саканата цел.

## Активности на јавната кампања

Активностите кои треба да се преземат за реализирање на кампањата за подигнување на јавната свест се:

- Припрема, дизајн и печатење на промотивен материјал (флаери);
- Поставување на основни информации на проектот како и планираните активности кои следат за селективно собирање на комуналниот отпад и негово рециклирање.

Очекуваните резултати од јавната кампања се следните:

- Развиен модул за едукација на населението за проблемите во животната средина;
- Развиен модул за едукација на наставниот кадар за едукација на учениците во основните училишта за управување со отпад, потребата од рециклирање, минимизирање и повторна употреба на отпадот.

- Развиена свест на просветните работници за потребата од интензивирање на едукацијата
- Поголема заинтересираност на популацијата за проблемите во животната средина и учество во акциите на ниво на општината
- Процесот на подигање на јавната свест е неопходно да се продолжи и да се збогатува со нови содржини во согласност со принципите на правилно управување со отпадот.
- Повисоко ниво на свест кај најмладата популација и пошироката јавност за потребите од рециклирање и учество во примарната селекција на отпадот.

# 14. ПРОЦЕНА НА ТРОШОЦИТЕ ЗА ОПЕРАЦИИТЕ НА ПРЕРАБОТКА И ОТСТРАНУВАЊЕ НА ОТПАДОТ, ФИНАНСИСКИ ИНСТРУМЕНТИ ЗА СПРОВЕДУВАЊЕ НА ПЛАНОТ ЗА УПРАВУВАЊЕ СО ОТПАД

Прецизирање на податоците за трошоците за операциите на преработка и отстранување на отпадот, може да се добие преку изработка на физибилити студија за рециклажа на корисните фракции од комуналниот отпад.

Имплементацијата на Планот и Програмата за управување со отпад во Општина Градско е многу лимитирана од аспект на финансиските можности на општината. Општината сеуште не е финансиски доволно силна за да може да поддржи самостојно еден ваков проект од овој обем.

Сепак останува општината да го пројанде најдоброто можно решение за затворање на финансиската конструкција околу финансирањето на Планот и Програмата за управување со отпад.

Начинот на кој ова треба да се направи е активна кампања за промовирање на Планот и Програмата, истакнување на нивната важност за Општината, објаснување на населенито дека секоја операција и нова воведена технологија во управувањето со отпад некој мора да ја плати, запознавање на најмладите со важноста од селекција на отпад, организирање на донаторски конференции од големите производители со отпад за изградба на инсталации. Сите овие активности кои треба да се превземат да резултираат со пронаоѓање на заинтересираните инвеститори за реализирање на Планот за управување со отпад.

**За имплементирање на Планот и Програмата идентификување се следниве можности за финансирање:**

1. **Приходи од сметки за собирање на смет од домакинства,фирми,училишта**

| Реден број | Корисници | Годишни приходи |
|---|---|---|
| **1** | Домаќинства | 2.099.261 |
| **2** | Фирми | 1.360.265 |
| **3** | Училиште | 237.126 |
| | **Вкупно** | **3.696.652** |

2. **Буџетско учество**
   Според последниот Закон за задолжување на Општините, а во согласност со новите правила за финансирање на општините од буџетски средства, општините можат да добијат буџетско (владино) учество во секој проект само доколку се докаже дека проектот е од јавен (државен) интерес.
3. **Финансирање од страна на донатори или во форма на грант средства**
   За да се обезбедат средствата по овој основ најповикано е раководството на Општината затоа што општината самостојно, на основа на подготвен предлог проект или физибилити студија треба да агитира кон потенцијалните инвеститори за обезбедување на средства. Најчесто користена практика е организирање на донаторски конференции од страна на Општината на кои се поканувааат сите меѓународни организации, институции или претпријатија кои финансираат проекти, донираат средства или работат во областа за која се бара финансиска поддршка
4. **Комбинирано финансирање со донација и владино учество;**
5. **Со учество на приватен капитал за јавни услуги (договор за концесија);**
6. **Средства од сопствен буџет**

## 15. Заклучок

Врз основа на веќе постоечката состојба за управување со отпад на територијата на Општина Градско, се идентификувани следните проблеми со кои се соочува општината:

- **Сеуште недоволна развиена јавна свест на граѓаните за фрлањето**
- **на отпадот;**
- **Неконтролирано фрлање на отпад во сите населени места;**
- **Големиот број на диви депонии;**
- **Стеснување и затварање на патиштата од инертен отпад;**
- **Низок процент на наплата на надоместоците за комуналните услуги;**
- **Ниска цена на комуналната услуга**

- **Недостаток на финсиски средства за имплементација на секундарна селекција со отпад;**
- **Недоволно обучен кадар за изготвување на проекти од ЕУ фондовите;**
- **Недостаток на кадар од техничките струки;**

Наведените идентификувани проблеми може да се решат со превземање на активности за постигнување на поставените цели предвидени Акциониот план за управување со отпад на територијата на општина Градско.

Развивањето на интегриран систем за управување со отпадот претставува проект за заштита на животната средина сам за себе, па според тоа, целите на заштита на животната средина при воспоставувањето на интегриран систем за управување со отпадот се речиси идентични со целите на заштитата на животната средина што ќе се постигнат со воспоставувањето и функционирањето на системот за собирање на отпадот и инвестициите во мрежата на капацитетите за третман и депонирање на отпад.

Во последните години значаен опсег на надлежностите и одговорностите се трансферирани од централно ниво на локално ниво. Ова се однесува особено на управувањето со комуналниот (неопасен) отпад и тоа: во делот на планирањето со отпадот и во делот на дирекно спроведување на законските обврски.

Врз основа на фундаменталниот концепт или хиерархија за управување со отпад, според Законот за управување со отпад, различните опции за управување со отпадот ги карактеризира од најдобрата до најлошата, согласно следниот редослед даден на сликата подолу:




Слика:Хиерархија на управување со отпад

Акциониот План за управување со отпад на Општина Градско е основна рамка и базичен документ за изработка на поединачни акциони планови коишто можат да се конципираат на пократок временски период. Тој исто така претставува изворен документ, заедно со плановите на другите општини при изработката на Регионалниот план за управување со комунален отпад.

Со цел да се постигне подобрување во управувањето со комуналниот отпад и заштитата на животната средина, Општина Градско, во текот на 2026 година, би требало итно да ги превземе следните активности:

- идентификување на сите одлагалишта на отпад (диви депонии) на територијата на општина Градско;
- Аплицирање по јавен повик и реализација на проектот за отстранување на дивите депонии на територијата на Општина Градско;
- Изработка на План за поставување на контејнери и корпи за отпад во руралните месни заедници;
- соработка со партнери од приватниот сектор за рециклирање и поставување на контејнери за пластика, хартија и стакло со цел да се развие навика кајграѓаните и стопанските субјекти за селектирање на комуналниот отпад;
- Реализација на годишни едукативни акции за запознавање на поединци и сите сектори на локалните жители и организации со домашната позитивна законска регулатива и директивите на ЕУ за мерките потребни за подобрување при управување со отпадот и постапување во согласност со насоките на овој План.

## ПРОГРАМА ЗА УПРАВУВАЊЕ СО ОТПАД ВО ОПШТИНА ГРАДСКО ЗА 2026 ГОДИНА

Врз основа на Законот за управување со отпад, Сл. Весник на Р. Македонија бр. 68/04, член бр.20 и на Планот за управување со отпад на Општина Градско, се предлага следната Програма за управување со отпад:

1. **Мерки и активности за избегнување и за намалување на количеството на создаден отпад;**
   Доследно спроведување и следење на процедурите за добивање на интегрирани дозволи од страна на Министерството за животна средина и

просторно планирање. Со редовното и правилно селектирање на отпадот ќе се намали депонирањето на отпадот на општинската депонија.

2. **Мерки и активности за поттикнување на компостирањето на биоразградливиот отпад;**
   Се предлага јавна кампања за домашно компостирање која би ја заинтересирала целата јавност, но најмногу големите создавачи на биоразградлив отпад;
3. **Начини за едукација и за подигање на јавната свест на граѓаните во врска со управувањето со отпад;**
   Едукација на населението е предвидена од најраната воздраст (предшколска), па преку одржување на предавања во основните и средни училишта и одржувањето на јавни трибини, едукација преку медиумите(радио и ТВ, весници);
4. **Други мерки од важност за реализација на Планот за управување со отпад**
   Сите останати мерки трба да се дадени во Акциониот план и истите треба да се реализираат согласно наведената динамика, како што е предвидено со Планот. Одредени корекции треба да се превземаат на почетокот на секоја година, врз основа на добиените податоци од годишните извештаи за управување со отпад. Доколку има отстапување од планираната динамика треба да се корегираат податоците за следната година.

Совет на Општина Градско
Претседател
________________________
Драгана Данева